Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 144/0306
07.09 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 31.08.2026 година, врз основа на примена жалба од **Јана Кочински,** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Во објавата на интернет порталот-онлајн медиум Апла.мк (apla.mk) на нивниот Фејсбук профил, а со наслов **„Еве како (не)совесни битолчани го загадуваат центарот на градот, на чекор до Широк Сокак“** од 12.08.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Јана Кочински до СЕММ на 12.08.2026 г., упати жалба за онлајн медиумот Апла.мк (apla.mk) поради објавата на нивниот Фејсбук профил со наслов „Еве како (не)совесни битолчани го загадуваат центарот на градот, на чекор до Широк Сокак “од 12.08.2026 г.,  при што се жали на неточно и нефер известување, нарушување на приватноста и незастапена втора страна. Таа додава дека објавиле демант кој е објавен на Фејсбук профилот на Мапет Плејхаус и во кој е појаснет целиот проблем, но истовремено по демантот очекувале и реакција од Апла.мк, односно корекција на нивната објава, односно текстот.

Во жалбата за текстот и објавата на Апла.мк, меѓу другото, жалителката наведува: „...Пред објавувањето на текстот не бевме контактирани/не ни беше побаран став / не ни беше дадена можност да одговориме на наводите, иако информациите директно не се однесуваат на Мапет Фан Клуб, но сепак, стои слика од нашиот објект.

Дали АПЛА.МК има право, воопшто да објавува слики од нечиј приватен објект?

Сметам дека при објавувањето не е направена доволна проверка на фактите и дека на читателите им е презентирана еднострана слика за случајот, со што може да се создаде погрешен впечаток и да се предизвика штета на угледот на засегнатата страна. За спорните тврдења располагаме со документација и докази со кои може да се потврди фактичката состојба и истите можеме да ги доставиме на увид.“...

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со онлајн медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети давателот на медиумска услуга и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На онлајн медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор во кој се отфрлаат наводите од жалбата и, меѓу другото, се наведува:
„... Станува збор за фотографии со фактичка состојба, на дел од нив има и датум и време, како што стои и во текстот. Апсолутно ги отфрлам сите елементи што ги наведува

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

жалителката. Ова е улица, а ѓубрето е на јавен простор во строгиот центар на Битола, не се објавени фотографии од нечиј приватен имот, двор... Во веста има и изјава од ЈП Комуналец - Битола која потврдува дека на локацијата нема контејнери, што значи ѓубрето треба да се носи до најблискиот контејнер. Ова е своевидна дива депонија предизвикана од несовесни граѓани, ова не го прават совесни луѓе, дотолку повеќе што улицата до ѓубрето е Широк Сокак.“...

Во одговорот на давателот на медиумска услуга Апла.мк, потпишан од основачот и главната и одговорна уредничка Анета Блажевска, се наведува и дека самите фотографии биле доволен доказ и не било потребно никакво дополнително појаснување.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во објавата на онлајн медиумот Апла.мк (apla.mk) на нивниот Фејсбук профил, а со наслов „Еве како (не)совесни битолчани го загадуваат центарот на градот, на чекор до Широк Сокак“ од 12.08.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не прекршен ниту еден член од **Кодексот на новинарите на Македонија**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за објава на вест проследена со фотографии, фото-вест, за оставена голема количина смет на улица во центарот на Битола на недозволена локација - тема од јавен интерес.

Комисијата ја оценуваше објавата на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што по анализата и расправата утврди дека не постои прекршување.

Комисијата, откако го оцени постоењето на јавниот интерес, констатираше дека жалителката во суштина реагира на две работи: (1) фотографиите на кои се гледа и објектот и реквизит од правното лице - продавница за детски играчки, со што може да му се нанесе штета по угледот и (2) потоа дека не биле прашани за проблемот, односно не им било овозможено да кажат дали сметот е нивни и да образложат зошто и колку време бил оставен на посочената локација.

Членовите на Комисијата констатираа дека онлјан порталот Апла.мк, во конкретниот случај, со објавата на текстот и фотографиите, не манипулира со фактите, туку покажува фактичка состојба и тоа со јасно назначување кога се направени фотографиите и до кога траел проблемот, односно дека по неколку часа сметот бил исчистен.

Комисијата смета дека од фотографиите не може да се утврди кој ја направил „дивата депонија“, бидејќи не се спомнува никакво име, иако тие што ја знаат областа можат да претпоставаат на кого алудира Апла.мк во текстот.  Сепак, тоа не е спорен момент бидејќи во жалбата самата жалителка признава дека тоа е во нивниот простор и наведува дека дел од ѓубрето – амбалажата од детски играчки, била оставена само кратко време. Комисијата од истите причини сметаше дека медиумот можел, но не морал да ја праша втората страна во случајот, пред сé затоа што од Мапет Плејхаус (правното лице на жалителката), не биле директно обвинети дека го оставиле отпадот.

Во расправата, Комисијата исто така оцени дека жалителката не е во право кога смета, односно прашува дали медиумот може да објави фотографии од правното лице, односно од „приватен објект“. Етичките стандарди во новинарството генерално, но и во македонскиот Кодекс, дозволуваат објавување на фотографии и од приватен простор/објект/имот, доколку станува збор за јавен интерес (во конкретниот случај тој е неспорен), а дополнително, фотографиите во објавата се од јавен простор - дел од улица во строгиот центар на Битола.

Поради сите горе наведени аргументи Комисијата заклучи дека жалбата е неоснована и дека со објавата на фотографиите и текстот, медиумот, односно давателот на медиумски услуги не сторил прекршување на ниту еден од членовите на **Кодексот на новинарите на Македонија**.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595